# Граѓани во акција:

# ЗА ПОДОБРИ ЛОКАЛНИ УСЛУГИ БЕЗ КОРУПЦИЈА

Транспарентноста и отчетноста на локалните власти се важни за намалување на корупцијата, а електронските услуги можат значително да помогнат во тој процес. Во РСМ, вклучувањето на локалните власти е од големо значење, но пристапот и користењето на е-услугите често се отежнати поради предизвици како недоволната дигитална писменост и слабата инфраструктура.

Преку иновативен и инклузивен пристап, проектот „***Граѓани во акција: за подобри локални услуги без корупција***“, ќе работи на предизвиците партнерски со целните групи: граѓаните, граѓанските организации, единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) и локалните медиуми.

**Што сакаме да постигнеме?**

- Сакаме да има зголемено граѓанско учество за транспарентни и отчетни локални услуги;
- Поттикнуваме зголемена свест кај граѓаните за користење на локални е-услуги отпорни на корупција;
- Нашата цел се локални е-услуги прилагодени на граѓаните преку активен мониторинг.

**Како ќе ги постигнеме нашите цели?**

- Ќе спроведеме анкета за перцепциите на граѓаните за услуги подложни на корупција.
- Преку фокус групи во 8 региони ќе ги слушнеме потребите на граѓаните од е-услуги.
- Ќе организираме јавен форум со граѓани, локални власти, ГО и медиуми.
- Ќе подготвиме препораки за подобрување на е-услуги, презентирани на состаноци со општини.
- Ќе ја следиме будно локалната сцена преку 96 медиумски написи за информирање на граѓаните.
- Ќе ги запознаеме граѓаните со примери за е-услуги отпорни на корупција преку медиумска кампања.
- Ќе подготвиме Анализа на е-услугите за 2025 година.

**Посакувано влијание на долгорочен план:**

*Сакаме да го поттикнеме активното учество во јавните процеси и да постигнеме зголемена доверба на граѓаните во ЕЛС што ќе доведе до подобрување на услугите на долг рок за поодговорна и поефективна локална самоуправа.*

- **Партнерска организација:** Иновативни медиуми - Скопје.
- **Временска рамка:** 1.1.2025 - 31.12.2026

Проектот **„Граѓани во акција: за подобри локални услуги без корупција“** се спроведува со поддршка на програмата **„Граѓаните против корупцијата“**, која се реализира од Македонскиот центар за меѓународна соработка во партнерство со Центарот за граѓански комуникации, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, Стопанската комора на Северна Македонија, 360 Степени, Истражувачка репортерска лабораторија Македонија и Балканската истражувачка репортерска мрежа Македонија. Финансирана е од Агенцијата на САД за меѓународен развој.

**Медиумска поддршка:**

PORTALB DRITARE REALITETI
META.MK

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД
МЕТАМОРФОЗИС Фондација за интернет и општество
iM innovative Media
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЦМС
ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА